**Пропусти во безбедноста на производите кои што се продаваат на Temu**

Во последните петнаесет месеци од страна на потрошувачките организации од Данска, Италија и Обединетото Кралство, кои се членки на Европската потрошувачка организација - BEUC беа спроведени тестирања за да се утврди безбедноста на производите кои се продаваат на платформата Temu.

Беа откриени сериозни недостатоци во однос на безбедноста на одредени производи, кои можат да влијаат врз здравјето на луѓето, а особено:малите делови кај детски играчки кои лесно се одвојуваат од производот, производи за бебиња кои може да предизвикаат задушување,неточни информации за состојките кај козметичките производи, електрични производи кои се исклучително опасни по безбедноста на потрошувачите и многу други кои можете да ги видите на линкот на извештајот даден подолу.

Се утврдува дека многу од овие производи не се усогласени со важечкото законодавство на ЕУ и не би требало да бидат понудени на пазарот, додека пак кај некои примероци, ниту еден од тестираните производи не бил усогласен со барањата на законската регулатива.

Европската потрошувачка Организација - BEUC ја повика Европската комисија, што побргу да ги заврши своите тековни истраги за Temu со конкретни и ефикасни мерки, и да обезбеди сигурност дека сите засегнати онлајн платформи ќе го почитуваат Законот за дигитални услуги (DSA) и законодавството на ЕУ за заштита на потрошувачите. Понатаму, се бара да се предложи сеопфатен акционен план во делот на е-трговија кој ќе ги опфати сите проблемите со кои се соочуваат потрошувачите на онлајн пазарите, вклучително и јасни правила за одговорност на трговците. Исто така се бара Европската комисија да соработува со Европскиот парламент и Советот во финализирањето на реформата на царинскиот систем на ЕУ, со цел спречување на влез на небезбедни производи на европскиот пазар, како што во моментот е случајот со производите од Temu.

Во насока на поголема заштита, во 2024 година BEUC и дел од нејзините членки веќе поднесоа жалба против Temu за повеќекратни прекршувања на Законот за дигитални услуги, вклучувајќи употреба на забранети манипулативни дизајнерски практики и недоволна можност за следење на продавачите кои продават на платформа.

Доколку сакате подетално да прочитате за извршените тестирања на дел од производите, можете тоа да го направите на следниот линк - https://www.beuc.eu/reports/tests-temu-products-by-consumer-groups